358

Клиника за очни болести при Медицинскиот факултет во Скопје

МОДИФИКАЦИЈА НА ОПЕРАЦИЈАТА НА . НА ОЧНИТЕ КАПАЦИ

J.Иванов, Т.Поповски,Е.Цајковска З.Арнаудовски, С.Џафиќ

Направен е поинаков пристап на пластичните операции со лизгачко ламбо кај малигните заболувања на очните капаци.

Оперативната техника овозможува послободен пристап при операцијата и нејзина примена и кај случаите што досега беше невозможно да се аплицира.

359

Клиника за очни болести при Медицинскиот факултет - Скопје

ЕХОМЕТРИЈА КАЈ КАТАРАКТИТЕ

Е.Цајковска,J.Иванов,М.Антова,В. Јорданова,М.Саздовска,С.Џафиќ

Со помош на ехометријата,кај катарактите е можно точно да се одреди дебелината и формата на леќата,што е од значење за планирање на операциите,како и спречување на компликациите.

Испитувањата кај 60 пациенти со катаракта покажа дека кај истата најчесто постои намалување на дебелината на леќата и тоа просечно за 0,60 мм. Меѓутоа, ако постои интумесценција на катарактата,тогаш дебелината на леќата е зголемена, а длабочината на предната комора е намалена.

Последното е многу важно за превенцијата на глаукомот.

360

ЕХОГРАФСКА ДИЈАГНОЗА НА ЕНДОКРИНА ОРБИТОПАТИЈА

Т. Јосифова, Е. Цајковска, С. Џафиќ, З. Арнаудовски, В. Челева

Клиника за очни болести, Медицински факултет, Скопје

Испитувањата се вршени со стандардизирана А-метода и тоа со мерење на дебелината на соодветните мускули на двете очни шуплини и квантитативното проценување на внатрешната структура и степенот на рефлексија на задебелените мускули.

Со помош на ова мерење не само што се потврди дијагнозата на обостраниот ендокрини егзофталмус, туку беа откриени и ендострани рани ендокрини орбитопатии.

361

КОРНЕАЛЕН ИНВЕРЗЕН АСТИГМАТИЗАМ И ИНТРАОКУЛАРЕН ПРИТИСОК КАЈ МЛАДИТЕ ЛИЦА

Е. ЌАМИЛОВА Здравствен дом Скопје РЕ Специјалистичко-Консултативна служба за здравстве на заштита Скопје Југославија

Повеќето офталмолози го обработуваат корнеалниот инверзен астигматизам кај постари лица од 35 годишна возраст, кој го поврзуваат со зголемен интраокуларен притисок /и.о.п./ и глаукомот.Предмет на ова 2 годишно изучување е корнеалниот инверзен астигматизам кај лица помлади од 35 години и неговото влијание на интраокуларниот притисок/и.о.п/кај истите лица.Обработени се 1347 случаеви со рефракциона аномалија помлади од 35 години од кои 66 се со корнеален инверзен астигматизам При тоа е користено:офталмоскопија,скиаскопија Жавал-офталмометрија /кератометрија/и тонометрија по Шиотц за мерење на интраокуларниот притисок /и.о.п/.

Заклучено е : кај особи помлади од 35 годишна возраст корнеалниот инверзен астигматизам е застапен со 4,89%/машки и женски пол/ од останатите рефракциони аномалии/миопија и хиперметропија 63,6%,директен корнеален астигматизам 31,4%/а интраокуларниот притисок/и.о.п е во граница на нормалата и изнесува 2,3 кPа мерен со тонометар по Шиотц.